UDC: 821.18-31.09

*Original scientific paper*

# СТРАВОТ, ТИШИНАТА И МОЌТА ВО „ПИРАМИДАТА“ НА ИСМАИЛ КАДАРЕ

# FEAR, SILENCE AND POWER IN ISMAIL KADARE’S „PYRAMID“

**Marina DANILOVSKA**[1]

[1*] *Department of Macedonian Language and Literature, Faculty of Philology, University of Tetova*

[*]*Corresponding author e-mail: marina.danilovska@unite.edu.mk*

**Abstract**

In the novel „The Pyramid“, the author captures the process of building the Cheops pyramid, and reveals data from the history of the construction of the pyramids in Egypt. In the paper, we will refer to the definition of fear, and we will also talk about power, because Kadare writes „the pyramid is the pillar that keeps power upright“ and „if it gives way, everything will collapse“ (Kadare, 2014: 14). We will dwell on the space, the sociofugal space (or the space that rejects) and the sociopetal space (or the space that brings people together and encourages interaction between them).

***Keywords:*** novel, power, fear, wealth, height.

**Апстракт**

Во романот „Пирамидата“ авторот ни го доловува процесот на градењето на Кеопсовата пирамида, а ни открива и податоци од историјата на изградбата на пирамидите во Египет. Во трудот ќе се осврнеме кон дефинирањето на стравот, а ќе проговориме и за моќта, бидејќи Кадаре пишува „пирамидата е столбот што ја држи моќта исправена“ и „ако таа потклекне, сè ќе се струполи“ (Кадаре, 2014: 14). Ќе се задржиме и на просторот, и тоа на социофугалниот простор (или просторот кој одбива) и на социопеталниот простор (или просторот кој ги зближува луѓето и ја поттикнува интеракцијата помеѓу нив).

***Клучни зборови:*** роман, моќ, страв, богатство, височина.

Во романот „Пирамидата“ авторот ни го доловува процесот на градењето на пирамидата на фараонот Кеопс, а ни открива и податоци од историјата на изградбата на пирамидите во Египет. Нарацијата започнува со генеза или навраќање кон потеклото на пирамидите, се говори за: „нивните зачетоци во старите гробови, наречени мастаби, историјата на првата пирамида, на втората, на петтата (...)“ (Кадаре, 2014: 7). Преку раскажувањето за потрагата по „идејата што довела до концептот на пирамидите, тајната причина за нивното постоење“ (Кадаре, 2014:8), читателот открива дека таа се родила во време кога ослабнала моќта на фараонот.

https://doi.org/10.62792/ut.albanologjia.v11.i21-22.p2603

Сето тоа било предизвикано од изобилството коешто ги направило луѓето понезависни, па токму затоа оние кои биле на власт решението го гледале во изградба на една маестрална гробница, односно „Египет морал да најде некакви начини да го потроши вишокот енергија на своето население“, раскажува нараторот (Кадаре, 2014: 12). Изградбата на пирамидата била заснована „на една целосно возвишена идеја: фараонот и смртта, или попрецизно неговото издигање кон небото“ (Кадаре, 2014: 13). Во трудот ќе се осврнеме кон дефинирањето на стравот, а ќе проговориме и за моќта, бидејќи „пирамидата е столбот што ја држи моќта исправена.

Ако таа потклекне, сè ќе се струполи“, пишува Кадаре (2014: 14). Всушност, преку градењето на нешто големо, возвишено се издигнува фараонот, а „доминантната моќ се оправдува себе си промовирајќи убедувања и вредности сродни на неа, таквите убедувања ги доведува до степен на природност и универзалност за да бидат очигледни и навидум неизбежни“, истакнува Тери Иглтон[249]. Во овој роман пирамидата е моќ, изобилие, но и спитомување.

Нараторот ја засегнува и способноста за далековидност на фабриките за камшици во Теба коишто го удвоиле производството уште пред да започне изградбата на пирамидата, односно било очекувано моќта да произведе казна, а казната е еден од начините преку коишто може да се спроведе моќта. Казната побудува и страв, а стравот носи тишина. Па така, луѓето започнале да размислуваат за пирамидата и пред да бидат готови скиците за неа. Тие знаеле дека ќе треба да се откажат од претходниот начин на живот. Жените ги обвила тага поради сознанието дека нивните мажи и деца ќе мора да заминат во каменоломите и на градилиштето.

Бессоница ги обзела и архитектите, службениците, ангажираните од тимот за внатрешен аранжман, па и самиот монарх. Едноставно, пирамидата предизвикувала тешкотија. Авторот во романот „Пирамидата“ пишува и за заговорите[250] коишто ги плашат луѓето. Поради нив започнало спроведување на казните и затворањата на луѓе од власта, советници, чуварот на харемот и др. Главните улици на градот се опустошиле. Луѓето биле преплашени, се движеле по споредните улици, се криеле. Стравот предизвикал молк.

Тој се ширел, се загнездувал меѓу луѓето, а „најзастрашувачкото кај стравовите е нивната распространетост; тие можат да се провлечат низ секоја пукнатина од нашите домови (...)“ (Бауман, 2018: 9). Престолнината западнала во тишина. Владетелот бил решен да ги открие корените на заговорот, дури ако треба и Египет да го превртат наопаку, па затоа „Судниците и собите за измачување беа преполни. Првите пресуди веќе беа донесени и черечињата и каменувањата на јавните места беа започнати“ (Кадаре, 2014: 37). Тоа бил просторот кој ги одбивал луѓето или социофугалниот простор.

Самата помисла на камшикувањето била доволна да се продолжи со работата и да се молчи. Според Фуко, моќта ја обликува казната. Преку механизмите на моќ се спроведуваат казните, во случајов со камшикување, каменување. „Повеќето луѓе живееја во маки. Илјадници очекуваа да бидат уапсени, додека други молеа да бидат испратени во каменоломите или да им се придружат на тајфите што ги градеа патиштата. Сè дотогаш тие го наоѓаа секој можен изговор за да ја избегнат тешката работа – лошо здравје, семејни обврски и така натаму – но сега се јавуваа доброволно, без збор на поплака, во надеж дека таму долу, во тие жешки и пусти места, ќе бидат заборавени“, раскажува нараторот (Кадаре, 2014. 37).

[249] стр. 29-30, Eaglton, T. (1991). *Ideology – An Introduction.* London, New York: Verso, p. 5-6

[250] Во делот насловен како „Заговор“ авторот пишува за ширењето на гласините во престолнината Мемфис. Сето тоа било поради еден заборавен блок базалт во пустината Сахара којшто светел застрашувачки на полната месечина. Луѓето се плашеле дека тој блок ќе прими зли зраци и потоа ќе ги пренесе на пирамидата.

Луѓето чувствувале голем умор од жештината, но и страв од казна. Тој кошмар можел да трае и подолго ако во центарот на вниманието не се вратела пирамидата. Сега морала да се зголеми брзината на работата, бидејќи се наближувал часот на почетокот на градежните работи. Но, никому не пречеле правот и жештината, бидејќи тие биле подносливи, неспокојот бил неподнослив. Изградбата на оваа пирамида предизвикала огромна замореност кај стотици илјади луѓе, а „Исцрпеноста, стравот од егзекуции, стравот од испраќање во каменоломите, не беа единствената причина за очајување“ (Кадаре, 2014: 54).

Но, страв чувствувал и Кеопс. Тој се плашел од смртта. Смртта е нешто неизбежно и никој не може да го сопре нејзиното доаѓање. Таа е финалното, крајот кој изгледа застрашувачки, крајот кој предизвикува страв. Тој страв е вроден кај луѓето. „Смртта поништува сѐ што сме научиле. Смртта е отелотворување на „непознатото“ и меѓу сите други *непознати* нешта само таа е единственото целосно и вистински *неспознатливо* нешто“ (Бауман, 2018: 42). Во животот сѐ можеме да решиме, дури и тогаш кога сме безнадежни, безутешни, но не можеме да ѝ противречиме на смртта. Никој од нас не може да се подготви за нејзиното доаѓање.

Знаејќи го тоа, монархот размислувал за крајот на градежните работи, за погребната сала којашто не сакал да се наоѓа под земјата, па затоа еден ден Кеопс го повикал главниот архитект велејќи му дека е закопан премногу длабоко. Можеби стравувал од самотијата, па затоа сакал да биде поткренат повисоко во внатрешноста на пирамидата. Се замислувал сам во мртовечницата, замислувал каков ќе биде неговиот живот во задгробниот свет[251], се измачувал со помислата за тоа што ќе се случи по завршувањето на пирамидата.

Се чувствувал неспокојно, мислејќи дека пирамидата ќе го остави сам. Од друга страна, пак, нејиното завршување било „одговорно за повторниот изблик на живот, кој, од своја страна, беше довел до еден детант или попуштање на дисциплината, што многу ја загрижуваше египетската држава“ (Кадаре, 2014: 92). Па така по одминувањето на времето исполнето со неспокој и со исцрпеност, луѓето почувствувале олеснување и наплив на енергија. Спокојот се барал во домот, во тоа катче каде што се чувствувме сигурни, во тој социопетален простор кој привлекува, како и во кафеаните коишто започнале повторно да се отвораат.

Но, и покрај сѐ истрагите продолжиле. Улиците повторно се испустиле. „Секогаш имаше една нишка на истрагата што ќе врзе некого, што ќе го извлече од кожурецот и ќе го врати четири, седум или четиринаесет години назад во времето кога почнале неговите грешки. Ако не успееше веднаш да ја врзе својата жртва, тогаш самите жртви, обидувајќи се да побегнат, самите се заплеткуваа, ја влечеа целата преѓа кон себе и беа фатени во стапица“, раскажува нараторот (Кадаре, 2014: 102).

И луѓето што работеле во внатрешноста на пирамидата знаеле што ги очекува, уште во нацртот била ставена буквата С, што значела смрт за нив, оти „без нивната смрт, самозатворениот, безбеден и вечно непробоен систем што беше испланиран не ќе беше сосема совршен“, пишува авторот (Кадаре, 2014: 111). Повторно Мемфис западнал во тишина.

---

[251] „Бесмртноста на душата му дава на земскиот живот вистинска непроценлива вредност“ (Бауман, 2018:44). „Сите замени за бесмртноста, колку и да се несовршени, се создадени според образецот на формулите за живот после смртта и нивната цел е да му дадат смисла на смртниот живот со тоа што ќе играат на картата *на трајноста на ефектите од минливиот* земски живот и ќе поттикнат на убедувањето дека сиот напор за време на тој живот нема да биде залуден, со што оние кои се сомневаат во ова ќе бидат уверени дека начинот на живот има значење долго по крајот на тој живот, а сѐ што ќе се случи подоцна нема да може да ги поништи неговите последици. Според оваа формула, секој смртник ќе одлучи за себе дали неговиот или нејзиниот живот ќе остави трага во светот после неговата или нејзина смрт, и каква трага тоа треба да биде“ (Бауман, 2018: 46).

А во молк потонал и Кеопс кога ја слушнал веста за завршувањето на пирамидата. Не сакал да ја види неа, таа величенствена големина. „Фаронот имаше контрадикторни чувства околу пирамидата: можеше да ја почувствува нејзината привлечност, додека во исто време ја мразеше. Поради пирамидата тој почна да ја мрази сопствената палата“, пишува Кадаре (2014: 118). Сакал да замине некаде, но каде и да одел ја гледал неа, поради нејзината височина. Со самото завршување на изградбата стравот станал поголем и постојано имал на ум дека пирамидата го барала него.

Смртта е моќна, влева страв, а нејзината неизбежност „го исполнува животот до врв со страв“ (Бауман, 2018: 68). Бауман ќе додаде дека „исконскиот страв од смртта веројатно е прототипот или архетипот на сите стравови – врвниот страв од кој сите други стравови го позајмуваат своето значење“ (Бауман 2018: 69). Кеопс бил свесен за својата смртност, како и за тоа дека преку славата се посегнува по бесмртноста. Тој умрел три години по завршувањето на градежните работи, а неговото тело го положиле во пирамида шеесет дена по смртта и „сега кога ја примила мумијата за којашто таа беше наменета да ја чува, пирамидата изгледаше дека ја постигнала својата сатисфакција.

Откако проголта толку многу судбини, откако изеде толку многу животи, сега се издигаше, надмена и победоносна и блескаше на сонцето“ (Кадаре, 2014: 122). На крајот ќе заклучиме дека моќта „управува со просторот, времето, движењето“ (Петковиќ, 2016: 65). Причината за нејзино воспоставување е дисциплината, која ги прави телата покорни. Со моќта се спроведуваат казни, коишто го размножуваат стравот, а тишината во просторот ги привлекува луѓето да се движат кон неа.

## Референци


[1]. Бауман, З. (2018). *Флуиден страв.* Скопје: Слово.

[2]. Башлар, Г. (2002). Поетиката на проторот. Скопје: Табернакул.

[3]. Галбрајт, Џ. (1995). *Анатомија на моќта.* Скопје: Култура.

[4]. Кадаре, И. (2014). *Пирамидата*. Скопје: Икона.

[5]. Фројд, С. (2008). *Стравот и нагонскиот живот.* Скопје: Ѓурѓа.

[6]. Košničar, S.M. (2013). „Strah kao agens culture u svjetlu teorije o semiosferi“, во *Umjetnost riječi.* LVII, 1-2, Zagreb (https://hrcak.srce.hr/file/205333).

[7]. Petković, K. (2016). „Foucault, moć, kazna: Tipološka skica za Fukoovsku analitiku kažnjvanja“. во *Michel Foucault: moć ideja*, Osijek: Filozofski fakultet, str. 52-89 (https://www.academia.edu/33804374/Michel_Foucault_Mo%C4%87_ideja).